

УТРЕВЕЧЕР
ЌЕ СЕ ИЗБИРААТ
НАЈПОПУЛАРНИТЕ
НА ЕСТРАДАТА

# Лет, лет буба маро донеси ми награди

Утревечер, во 20.15 во Универзалната сала по осми пат ќе се доделуваат златните буба мари за најпопуларните на домашната естрада. Рекламната кампања на годинешнава "Златна буба мара на популарноста" поминува без многу помпа и најави, и сценарио како строга тајност за јавноста.

Минатата недела на Канал 5 телевизија се емитуваше документарниот филм "Седум години златна буба мара". Во него се сместени најинтересните моменти од изминативе седум години, и изјави на дел од наградените. Манифестацијата ќе ја снима Канал 5, а снимката ќе ја гледаме в петок. **(М.Ц.)**

*"Љубовта е моја религија".- Владо во дует со Каролина*